ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ

# Мали бизниси

ПРОГРАМА LIVING VICTORIA ЗА ПОПУСТИ ЗА ВОДА
ОД 19 ЈУЛИ 2011 Г. ДО 30 ЈУНИ 2013 Г.

Сега може да се добијат попусти за низа разновидни производи кои ќе го подобрат штедењето на водата во вашиот бизнис. Владата на Викторија ќе одвои $40 милиони во текот на наредните четири години за да ги зголеми попустите за штедење на вода во домаќинствата и во малите бизниси во Викторија.

Програмата Living Victoria за попусти за вода им дава попусти на малите бизниси во Викторија што се поврзани на градска водоводна мрежа а кои имаат важечки австралиски деловен број (ABN) и имаат 20 или помалку вработени со полно работно време.

Овој информативен лист ги опишува расположивите попусти и услуги што ќе им бидат на располагање на малите бизниси во текот на следните две години, од 19 јули 2011 г. до 30 јуни 2013 г. Табелата 1 претставува список на расположивите услуги и на основните услови што мора да се исполнуваат за да се побара попуст за секој од тие производи.

За да има право на попустите за мали бизниси, вашиот бизнис мора да ги исполнува следните услови:

- Имотот каде што е сместен бизнисот мора да плаќа нестанбена (индустриска) цена за водата,
- Да ги купи и постави опфатените производи или услуги за штедење на водата меѓу 19 јули 2011 г. и 30 јуни 2013 г.,
- Бизнисот мора да има важечки австралиски деловен број (ABN) и да има 20 или помалку вработени со полно работно време.
- **Клиентот што ги исполнува условите може да поднесе барање само за еден од попустите за малите бизниси во текот на времетраењето на програмата,**
- Вашата компанија што ве снабдува со вода мора да ги добие најдоцна до 30 септември 2013 г. сите барања за попуст за производи под наведените услови (купени меѓу 19 јули 2011 г. и 30 јуни 2013 г.), и
- Износот на попустот кој вашиот бизнис има право да го побара ќе биде пресметан врз основа на цените на производот или услугата, плус цените за поставувањето.

**Износ на попустот што може да се побара**

Износот на попустот ќе биде 50% од вкупните трошоци, а најмногу до износ од $2000 за секој бизнис што ги исполнува условите. Допуштените производи и услугите се опишани во Список 1 кон овие услови. Некои од допуштените производи и услуги мора да се наменети за заменување или надоградување со поефикасен производ или услуга. Тоа е назначено во Списокот.

Износот на бараниот попуст може да се состои од еден или повеќе од допуштените произоди или услуги опишани во Список 1 кон овие услови. Сите сметкопотврди мора да содржат јасен опис на купениот производ или услуга.

**Цистерни за дождовница**

За да ги исполнува условите, цистерната за дождовница мора да биде поврзана со клозетот или со пералната, или да се користи за некоја намена во бизнисот за која е потребно користење на вода во текот на целата година. Поврзувањето со соодветната искористена вода мора да биде извршено во времето кога е поставена цистерната.

Сите цистерни мора да бидат осмислени и изработени во согласност со соодветните австралиски стандарди за да ги исполнуваат условите за добивање попуст од оваа програма. Сите цистерни мора да добијат уверние дека ги исполнуваат соодветните австралиски стандарди пред 1 јули 2012 г. за да ги исполнуваат условите за добивање попуст откако ќе измине тој датум. Проверете таму каде што ви ја продале цистерната за вода за да се осигурате дека се задоволени австралиските стандарди.

**За повеќе информации и за да добиете формулар за поднесување барање:**
> Телефонирајте во Одделот за одржливост и животна средина (Department of Sustainability and Environment) на 136 186
> Посетете го местото на интернет на www.water.vic.gov.au
> Јавете се во вашата локална компанија што ве снабдува со вода
> Прашајте во продавница што продава производи за штедење на вода

# РАБОТИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ЗНАЕТЕ

**Како да побарам попуст?**
Формуларите за поднесување барање може да ги добиете од некоја градска компанија за водоснабдување, од продавачот на производот, од локалната продавница за градежни материјали, од продавница за водоинсталатерски материјали или за градинарски материјали, од местото на интернет www.water.vic.gov.au, од вашата компанија што ве снабдува со вода, или ако се јавите во Одделот за одржливост и животна средина (Department of Sustainability and Environment) на 136 186.

**Кој ги исполнува условите за да побара попуст?**
Попустите може да ги добијат бизниси што имаат важечки австралиски деловен број (ABN) и имаат 20 или помалку вработени, а притоа бизнисите треба да се поврзани на градска водоводна мрежа и да плаќаат нестанбена/индустриска цена за потрошената вода.

**Зошто има список на производи?**
Бидејќи во Викторија постојат разни типови на мали бизниси, користењето на список кој ги наведува допуштените производи овозможува програмата за попусти да понуди низа разновидни производи за да им помогне на разните типови на бизниси. Користењето на список исто така овозможува тековно преразгледување на програмата и на типовите на производи за кои може да се добие попуст.

**Зошто нема утврден износ на попуст за секој тип на производ од списокот на производи?**
Износот на попустот за малите бизниси се пресметува врз основа на вкупниот трошок што го имал бизнисот за допуштените производи и за нивното поставување. Попустот за малите бизниси изнесува 50% од трошокот, а најмногу до $2000. Тоа значи дека еден бизнис може да постави поголем број производи што се потребни за да се подобри штедењето на водата, место да постави само еден производ или мал број на производи. Тоа исто така значи и дека ако најдобра заштеда на вода се постигнува со поставување на неколку различни типови од допуштените производи, тогаш бизнисот може да го направи тоа.

**Колку попусти може да побарам?**
Може да побарате само еден попуст за вашиот бизнис, а барањето може да вклучува повеќе единици од еден тип на производ или мешавина од повеќе типови на производи. Но секој бизнис има право само на едно одобрено барање.

**Може ли да побарам втор попуст ако вкупниот износ при моето прво барање е помал од најголемиот дозволен износ на попуст од $2000?**
Не, може да поднесете само едно одобрено барање. Ако тоа барање е за износ помал од најголемиот дозволен износ на попуст од $2000, немате право пак да барате попуст.

**Кога треба да биде купен и поставен производот?**
За да имате право на попустите опишани во списокот на производи, мора да сте го купиле и поставиле вашиот производ после 19 јули 2011 г., а пред 30 јуни 2013 г. Сите барања за попусти мора да бидат поднесени до 30 септември 2013 г.

**Кога треба да користам услуга од водоинсталатер?**
Кога тоа го налагаат Прописите за водоинсталирање од 2008 г. (Plumbing Regulations 2008), производите мора да ги постави водоинсталатер кој има дозвола за вршење на таа дејност и кој мора да достави примерок од уверението за сообразност (certificate of compliance) издадено од Комисијата за водоинсталатерска дејност (Plumbing Industry Commission - PIC) кога вкупните трошоци за купување на производот и на придружните водоинсталатерски материјали, како и за работната рака изнесуваат $750 или повеќе. Тука спаѓаат цистерните за дождовница, клозетските казанчиња со двојно плакнење, постојаните системи за отпадна вода, системите за повторно користење на водата за греење, и други производи, како што налагаат прописите.

**Што е тоа PIC уверение?**
PIC уверение е уверение за сообразност издадено од Комисијата за водоинсталатерска дејност (Plumbing Industry Commission - PIC) што треба да го достави водоинсталатерот кој има дозвола за вршење на својата дејност. PIC уверението мора да биде приложено кон вашето барање за попуст ако вкупната цена на производот и на придружните водоинсталатерски материјали и работна рака изнесува $750 или повеќе. Побарајте од вашиот водоинсталатер да ви достави PIC уверение кога ќе ја заврши работата.

**Дали може да добијам попуст ако купам цистерна ама не ја поврзам со мојот клозет, перална или друго место што се користи во текот на целата година?**
Не. Цистерните за дождовница овозможуваат најголеми заштеди кога се поврзани со клозетот и/или пералната, или кога се поврзани со друго место каде што бизнисот користи вода во текот на целата година, под услов тоа место да не е градината.

**Дали треба да ги приложам сметкопотврдата и доказот за поставување кон моето барање за попуст?**
Да. Оригиналната сметкопотврда/сметкопотврди за купување на производот, сметкопотврдата од водоинсталатерот и PIC уверението (кога е потребно) мора да бидат приложени со формуларот за поднесување барање. Погледнете го формуларот за поднесување барање за повеќе поединости.

**Како ќе ми биде исплатен попустот?**
Попустот може да ви биде вложен како износ во вашата следна сметка/сметки за потрошена вода, или пак може да побарате исплата преку електронско префрлување на пари (Electronic Funds Transfer - EFT) ако ги пополните соодветните поединости во формуларот за поднесување барање. За обработка на таквите исплати може да бидат потребни 10-12 недели. Мора да ја известите компанијата што ве снабдува со вода како сакате да ви биде исплатен попустот.

## Табела 1 – Список на допуштени производи и услуги

| Допуштен производ или услуга | Услови и основни стандарди што треба да се исполнуваат |
|---|---|
| Цистерни за дождовница | Вкупната зафатнина на цистерните за дождовница мора да биде 2000 литри или поголема, и тие треба да бидат поврзани со клозетот, пералната или друг дел од бизнисот каде што е потребно да се користи вода во текот на целата година. Цистерната за дождовница мора да биде осмислена и изработена според австралиските стандарди. |
| Клозетски казанчиња со двојно плакнење | Надградување до клозетско казанче со двојно плакнење што е означено со 3 или повеќе ѕвезди според стандардот WELS, попуст само за замена на постојно казанче/казанчиња. |
| Распрснувачи за претходно плакнење | Надградување до 6 л/мин или помалку, означено со 6 ѕвезди според стандардот WELS, попуст за замена на постоен распрснувач/распрснувачи за претходно плакнење. |
| Машини за перење алишта што штедат вода | Тип за домаќинствата – означена со 5 или повеќе ѕвезди според стандардот WELS, и со 4 ѕвезди за потрошувачка на енергија, попуст за замена на постојна машина за перење алишта.<br>Деловен/индустриски тип – Со полнење од предната страна, по можност да има изменувачко коло место двоен мотор, попуст за замена на постојна машина за перење алишта. |
| Индустриски машини за миење чаши | Машината за миење чаши мора повторно да ја користи водата за плакнење, треба да има уверение за соодветност или да ги задоволува стандардите што важат во австралиската прехранбена индустрија. Попуст за замена на постојна машина за миење чаши. |
| Машини за миење садови што штедат вода | Машината за миење садови мора да има 4 или повеќе ѕвезди според стандардот WELS, треба да има уверение за соодветност или да ги задоволува стандардите што важат во австралиската прехранбена индустрија. Попуст за замена на постојна машина за миење садови. |
| Безводни електрични плочи за готвење | Попуст за замена на постојни електрични плочи за готвење. |
| Индустриски чистачи со вода под висок притисок | Чистачот со вода под висок притисок мора да користи 9 л/мин или помалку вода. |
| Безводни или нископроточни клозети | Допуштени се безводни клозети означени со 5 или повеќе ѕвезди според стандардот WELS, попуст за замена или надградување на постојни клозети. |
| Тушеви | Тушевите мора да имаат 3 или повеќе ѕвезди според стандардот WELS, да користат 9 л/мин или помалку вода, попуст за замена на постоен туш/тушеви. |
| Справи за временско ограничување на течењето на вода од тушот/автоматски вентили за сопирање на водата | Мора да ги исклучуваат тушевите или други направи што користат вода откако ќе измине однапред определеното време. |
| Постојани системи за повторно користење на отпадната вода | Системот за повторно користење на отпадната вода мора да биде одобрен од EPA и да е наведен на списокот на местото на интернет на EPA на www.epa.vic.gov.au |
| Вентил за плакнење на клозетот поврзан на главниот водовод | За надградување до вентил за плакнење кој ќе обезбедува плакнење еднакво на 6/3 л вода по едно плакнење, за постојни клозети. |
| Бележници за податоци за потрошувачката на вода / мерачи на потрошувачката заради поштедливо користење на водата | Бележници за податоци за потрошувачката на вода или мерачи за надгледување на потрошувачката на вода во определен дел на бизнисот. |
| Справи за контролирање на протокот | Справи за контролирање на протокот што го ограничуваат протокот на 9 л/мин или помалку |
| Апарати за повторно користење на водата за греење | Апарати што ја враќаат изладената вода во водоводниот систем на бизнисот за да се избегне губењето на студената вода од цевките за топла вода. |
| Покривки за базен со намотка/макара за покривање | Покривките за базен мора да имаат ознака Smart Approved WaterMark, да бидат отпорни на ултравиолетови зраци, да бидат дебели најмалку 400 микрони и да имаат намотка или макара што помага при покривањето на базенот. |
| Автоматски системи за префрлување од цистерна за вода на главен водовод | Справа што врши автоматско префрлување од користење на дождовница од цистерна на користење вода од главниот водовод кога цистерната е празна. |
| Системи за перење алишта што користат озонска технологија | Мора да го задоволува стандардот AS/NZ 4146:2000 за дезинфекција и да има сигурносен прекинувач во случај на дефект. |
| Системи за собирање кондензирана вода | Попуст за замена на постојна или неисправна опрема од системот за собирање кондензирана вода, со систем што ја штеди водата. |
| Рачни распрснувачи за плакнење – на пример, за фризери | Приклучоци или справи што се користат за плакнење на некој производ или на клиентот, мора да користат 9 литри вода во минута или помалку, попуст за замена на постоен рачен распрснувач или приклучок. |
| Повторно користење на технолошка вода | Мора да се достави проценка на опасностите (Risk Assessment) и да се задоволуваат австралиските напатствија за повторно користење на водата и напатствијата на EPA, бизнисот мора да се советува со компанијата што го снабдува со вода пред да воведе повторно користење на технолошка вода. |
| Комбинирани садови за готвење на пареа што трошат малку вода | Попуст за замена на постоен сад за готвење на пареа со сад за готвење на пареа што троши малку вода. |